„Имаше еден човек кој им даваше заеми на луѓето и му велеше на својот слуга: ‚Ако наидеш на некој што е во тешка ситуација, прости му го долгот, можеби Аллах ќе ни прости нам.’

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Божјиот пратеник рекол: „Имаше еден човек кој им даваше заеми на луѓето и му велеше на својот слуга: ‚Ако наидеш на некој што е во тешка ситуација, прости му го долгот, можеби Аллах ќе ни прости нам.’ Па кога го сретна Аллах (умре), Аллах му прости.“

[صحيح] [متفق عليه]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, раскажува за човек кој им даваше заеми на луѓето или им продаваше стоки со одложено плаќање. Тој му велеше на својот слуга, кој беше одговорен за собирањето на долговите: Ако наидеш на некој што не може да го отплати долгот, „прости му го“; или со давање повеќе време и без притисок, или со прифаќање на она што го има, дури и ако е помалку од долгот, со надеж дека Аллах ќе ни прости и ќе ни се смилува. Кога умре, Аллах му прости и ги избриша неговите гревови.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3753